# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Трговијата со луѓе претставува високо профитабилен организиран криминал кој ги обединува сите облици на физичко, психолошко, интелектуално, материјално искористување и етичко насилство, а функционира поради спремноста на жртвата да ја прифати понудата со цел да го подобри својот материјален статус.**

**Со трговијата со луѓе се загрозени основните човекови права и слободи загарантирани со Уставот и законите на РМ.**

**Трговијата со луѓе содржи три елементи:**

**Активности**

- регрутирање,
- врбување,
- превезување,
- пренесување,
- прифаќање,
- засолнување,
- купување/продавање на жртвите на трговија со луѓе.

**Средства**

- **закана по личен живот и живот на семејство,**
- **принуда,**
- **грабнување,**
- **лага,**
- **измама (делумна или целосна),**
- **залажување,**
- **употреба на сила,**
- **злоупотреба на позиција,**
- **давање или примање на пари,**
- **состојбата на бременост,**
- **немоќ/ранливост,**
- **физичка или ментална неспособност,**

**За цели на Експлоатација**

- сите форми на сексуална експлоатација,
- порнографија,
- принудна работа или слугување,
- ропство, практики слични на ропство,
- присилни бракови,
- присилна фертилизација,
- незаконито посвојување,
- питачење,
- вршење на ситен криминал и недозволено пресадување делови од човековото тело.

**Напомена: Во случај на трговија со деца Средствата не се релевантни**